# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | X.2003 | - | 0,0 | 1,5 | 1,0 |
| **Цени на мало** | X.2003 | - | -0,1 | 2,2 | 2,4 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | X.2003 | - | -0,9 | -1,9 | -0,3 |
| **Индустриско производство** | X.2003 | - | 1,7 | 3,6 | 6,8 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | IX.2003 | 12.015 | 0,5 | 4,2 | 5,5 |
| **Реална просечна нето плата** | IX.2003 | - | 0,3 | 2,2 | 4,6 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | X.2003 | 5.170 | 11,3 | -3,9 | -5,3 |
| **Буџетски расходи** | X.2003 | 4.868 | -5,7 | -13,1 | -15,5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

*Трошоците на животот во октомври 2003 година беа непроменети на месечна основа....*

Трошоците на животот, како мерка за стапката на инфлација, во октомври 2003 година се задржаа на нивото од претходниот месец. Кај повеќето категории трошоците беа непроменети, со исклучок на порастот на трошоците за облека и обувки и порастот на трошоците за култура и разонода од 0,5% и 0,1%, соодветно, кој беше нивелиран со падот на трошоците за сообраќајни средства и услуги од 0,5%. Годишната и просечната стапка на инфлација изнесуваа 1,5% и 1,0%, соодветно, што главно се должи на порастот на трошоците за услуги (за 6,2% и 5,9%, соодветно). Притоа, просечната стапка на инфлација е под проектираното ниво за оваа година и во однос на регистрираната во минатата година (јануари-октомври 2002/2001 година) е пониска за 1,0 процентен поен.

*...додека во просек беа повисоки за 1,0%*

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*Во октомври 2003 година цените на мало беа пониски за 0,1% на месечна основа...*

Во октомври 2003 година цените на мало забележаа минимален пад од 0,1%. Падот се должи на пониските цени на непрехранбените индустриски производи за 0,4%, поради намалените цени на нафтените деривати за 1,9%. Исто така, пониски беа цените на земјоделските производи за 0,2%, условени од падот на цените на овошјето и зеленчукот од 0,5% и 0,3%, соодветно. На годишна основа, цените на мало беа повисоки за 2,2%. Притоа, просечната стапка на пораст од 2,4% е идентична со регистрираната во претходниот месец и е условена од повисоките цени на непрехранбените индустриски производи и на пијалоците за 1,8% и 5,3%, соодветно.

*...додека во просек беа повисоки за 2,4%*

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Цените на производителите на индустриски производи во октомври 2003 година беа пониски за 0,9% на месечна основа...*

Цените на производителите на индустриските производи во октомври 2003 година беа пониски за 0,9% на месечна основа. Набљудувано според главни групи на индустриски производи, пад е регистриран кај цените на производителите на енергија и нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,3% и 0,4%, соодветно, додека цените на производителите на капитални производи беа повисоки за 0,9%, а цените кај другите две групи се задржаа непроменети. Секторски анализирано, само во секторот преработувачка индустрија е регистриран пад на цените од 1,0%. Падот главно се должи на пониските цени на производителите на нафтени деривати и производителите на прехранбени производи и пијалоци (за 9,2% и за 0,5%, соодветно). Во останатите два сектора цените на производителите беа на нивото од претходниот месец. Соодветно на месечниот пад, во октомври 2003 година е регистриран годишен и просечен пад на цените на производителите на индустриски производи од 1,9% и 0,3%, соодветно.

*...и пониски за 1,9% и 0,3% на годишна и кумулативна основа*

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)

